Идентификувањето на општествената промена која ја предизвикуваат граѓанските организации беше главна идеја на работилниците кои се одржаа **на 15 и 22 јуни во Скопје и во Велес** .



Учествуваа **29 претставници на институционалните грантисти на Цивика мобилитас**. Ја водеа **Сајмон Форестер** , меѓународен експерт на програмата, во соработка со **Александар Николов и Душко Тодороски** од [Асоцијацијата Зенит](), која воедно е специфичен акциски грантист на Цивика мобилитас.

„За нас, како Цивика мобилитас, многу е важно да го подобрите вашето известување бидејќи сакаме да знаеме кои ви се постигнувањата за времето на користење на грантот. Вие правите важни промени во општеството, меѓутоа мора да знаете како да ги препознаете истите,“ им се обрати Форестер на присутните.

На работилницата се дискутираше за **концептот на набљудување и оценка** и за различните пристапи. Беше претставен концептот **„Синџир на резултати“** , а на крај се дискутираше за **употребата на индикатори** кои ќе помогнат при мерење на влијанието кое се предизвикува.

